Пришашю на отпашн шабле нa 17.01.2025

**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН СУД**
**БИТОЛА**
**27.1.2025 година**

**МАЛВП-1078/2024**

# П О К А Н А
**за одговор на тужба**

Во правната работа на ТУЖИТЕЛОТ **ЦЕРМАТ ДОО од Битола**, застапуван од ______________, против ТУЖЕНИОТ **Арвер Сека од Тетово,** застапуван од ______________, основ , вредност 24.984.00.

**ТУЖЕНИОТ ДА ДОСТАВИ ПИСМЕН ОДГОВОР НА ТУЖБА ВО РОК ОД 15 ДЕНА.**

Доколку не дадете одговор на тужба, судот ке донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба, доколку се исполнети условите предвидени во чл.319 ст.1 т.1-4 од ЗПП.

**Овластен службеник**
________________________

**Правна Поука:**
Тужениот е **должен** да даде **писмен одговор на тужба** во оставениот рок ( чл.269 ст.2 од ЗПП).
Ако тужениот го оспорува тужбеното барање во одговорот на тужба должен е да ги наведе фактите, врз кои ги заснова своите наводи и доказите со кои се утврдуваат тие факти и е должен да ги приложи исправите на кои се повикува ( чл. 270 ст.2 од ЗПП).
Ако по приемот на одговорот на тужба, судот утврди дека мегу странките не е спорна фактичката состојба и дека не постојат други пречки за донесување на одлука, судот може да донесе одлука и без закажување на рочиште (чл. 270 ст.4 од ЗПП).
Ако тужениот не поднесе одговор на тужба во оставениот рок судот ке донесе пресуда поради неподнесување на одговор на тужба ако бидат исполнети условите од чл.319 ст.1од точка 1 до 4 од ЗП.
Ако тужениот во одговорот на тужбата ги признава решителните факти, независно од тоа што го оспорил тужбеното барање, судот може да донесе **пресуда без одржување на расправа** ако не постојат други пречки за нејзиното донесување (чл. 321 од ЗПП).

---

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

**МАЛВП-1078/2024**
Ев.**27.1.2025**

**Кирил Јовановски**

**Д О С Т А В Н И Ц А**

Арвер Сека
Бане Стефановски бр.15
Тетово

Се доставува: Покана за одговор на тужба и тужба со докази, рок 15 дена

Потврдувам дека го примив гореспоменатиот акт денеска на (со букви)
________________________________________
________________________________________

Предавањето го извршил
________________________

__________________________20____ година.

Примил

на ______________20____год.

________________________________________

**Образец СД 33 (Член 202 од Судски деловник)** - Покана за одговор на тужба
Формат: (500x320)

МАЛВП-1078/24


**АДВОКАТ**
**Јован Лалевски**
Климент Охридски бб, Пелагонка 2, ламела 4, кат 3 Битола
**071-66-66-84**
ЕМБС:6778119 ЕДБ:5002012503084 e-mail: jovanlalevski@yahoo.com
ж-ска:500-0000007629-32 Стопанска Банка АД Битола


До
Основен суд Битола
БИТОЛА
(договорена надлежност)


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД
13 NOV 2024
Бр. ______ 20 ____ година
Битола


Тужител: Мешовито друштво за производство на сладолед , трговија на големо и мало, превоз , услуги ЦЕРМАТ увоз-извоз ДОО од Битола ЕМБС:4778545, ЕДБ:4002994130347, со седиште на ул.„Новачки пат“ бб жиро-сметка:200-0009963443-19 депонент Стопанска банка АД Скопје претставувано од Управителот Зоран Ристевски од Битола, заст.од полн. Јован Лалевски адвокат од Битола ,e-mail:jovanlalevski@yahoo.com е-достава: jovan.lalevski 071-66-66-84

Тужен: Арвер Сека од Тетово
Ул.Бане Стефаноски бр.15 Тетово
ЕМБГ: [redacted]

Основ: долг

Вредност: 24.984,оо денари;

**Т У Ж Б А**

Тужителот ЦЕРМАТ ДОО вршеше продажба на производи на правното лице ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ Тетово, така што тужителот од една страна се јавувал како продавач на стоки а именуваното друштво како купувач.

Доказ: Картица за купувач

Тужителот од една страна, ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ Тетово и тужениот Арвер Сека од Тетово склучиле договор за послуга на инвентар и купопродажба на производи, со кои договор тужениот Арвер Сека зел за обврска како физичко лице-гарант да го надомести полниот износ доколку правното лице не го врати предметот даден на послуга или не ги исплати купените стоки, за што одговара со целокупниот имот.

Доказ: Договор 5/22-14 од 07.06.2022 год.

Во член 6 од цитираниот договор странките во случај на спор договриле надлежност на Основен суд Битола.

Доказ: како погоре

Од деловното работење, главниот должник- ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ Тетово остана да должи на доверителот износ од 8.916,оо денари кој до денот на утужувањето се уште го нема платено, а го нема вратено ниту фрижидерот даден на послуга марка УГУР тип 400 во вредност до 16.068,оо денари. За сите долгови на друштовто за купени стоки, за враќањето на предметот даден на послуга или други неисполнети обврски тужениот Арвер Сека од Тетово врз основа на цитираниот Договор одговара како гарант за целиот износ со целокупниот личен имот.

Доказ: Вешт наод и мислење

-Иос на купувач

Со оглед на изнесеното , тужителот ЦЕРМАТ ДОО Битола му предлага на Основен суд Битола да закаже главна расправа и после изведувањето на предложените докази да ја донесе следната :

П Р Е С У Д А

СЕ УСВОЈУВА тужбеното барање на тужителот ЦЕРМАТ ДОО Битола.

СЕ ЗАДОЛЖУВА Арвер Сека од Тетово да му исплати на тужителот вкупен износ од 24.984,оо денари, од кои на износот од 8.916,оо денари заедно со Законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемено за 8 (осум) процентни поени, сметано од 18.06.2022 година до денот на исплатата ,додека на износот од 16.068,оо денари заедно со Законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРМ, што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемено за 8 (осум) процентни поени, сметано од утужувањето до деност на исплатата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да му ги надомести на тужителот парничните трошоци во постапката по доставен трошковник во рок од 8 дена од приемот на пресудата, а доколку не го стори тоа во определениот рок , по истекот на овој рок тужениот на досудените трошоци да плати Законска Казнена Камата согласно ЗОО.

Битола
30.10.2024 година

За тужителот,

АДВОКАТ
JОВАН ЛАЛЕВСКИ
Битола, ...
Пелагониска ...
Лиценца: ...
jovanlalevski@yahoo.com

Трошковник

1.) За состав на тужба со ДДВ-----------------------------4.602,оо ден
2.) За судска такса за тужба и одлука--------------------3.200,оо ден
3.) За вешт наод и мислење----------------------------------4.000,оо ден
4.) За присуство на вештачење со ДДВ-------------------4.602,оо ден

--------------------------------------------------

ВКУПНО 16.404,оо ден

# ДОГОВОР

*ЗА ПОСЛУГА НА ИНВЕНТАР И КУПОПРОДАЖБА НА ПРОИЗВОДИ ОД ПРОГРАМАТА НА ПРОДАВАЧОТ*

Број 5/22-14 Склучен на ден 07.06.2022 година.

*ДОГОВОРНИ СТРАНИ:*

1. Мешовито друштво за производство на сладолед ЦЕРМАТ ДОО Битола ул. Новачки пат бб застапувано од Зоран Ристевски како послугодавач и продавач; и

14692 Ш.

2.1. Правното лице Green RESTAURANT 200GA од ТЕТОВО ул." ЈНА "бр. 61 б, со ЕМБС: ______; ЕДБ: 4028022547093 , жиро сметка: ______; Банка ______, како послугопримач и купувач; и

2.2. Лицето ARBËR CEKA , ул. BANE STEFANOSKI бр 15 , со ЕМБГ [redacted] и број на Л.К. G1469952 кое го потпишува овој договор и со свој потпис тврди дека е овластено лице за склучување договори, а доколку правното лице не го врати предметот даден на послуга, не ја надомести неговата противвредност, или не ги исплати стоките купени пред и по потпишувањето на овој договор, или не исполни некоја друга обврска од договорот и деловното работење, превзема обврска како физичко лице гарант-платец да ги надомести истите во целосен износ и изјавува дека за превземените обврски одговара со целокупниот личен имот независно од правното лице како и заеднички и солидарно со него.

*ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*

Чл.1

Послугодавачот со овој договор се обврзува да му даде на послуга на послугопримачот инвентар ______ со карактеристики како во чл.2 од договорот.

Истовремено со склучување на договорот за послуга на инвентар меѓу договорните страни се склучува договор за купопродажба на производи од програмата на ЦЕРМАТ од страна на првиот договарач, со динамика на испорака и количина според приложената спецификација.

*ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ*

Чл.2

Предмет на послуга на овој договор е ладник со реден број 00045099550 тип UGUR марка 400 во вредност од ______, кој е сопственост на послугодавачот и кој по престанокот на соработката послугопримачот е должен да му го врати на послугодавачот.

Предмет на купопродажба на овој договор се производи од производната програма на „ЦЕРМАТ„ во количина и вид по утврдена динамика и потребите на купувачот.

Испорачаната стока, купувачот ќе ја плаќа во рок од од 8 денови од денот на испораката-приемот на стоката, вирмански на сметка на продавачот, по испратница-фактура.

Фактурата/испратницата за прием на стоката може да ја потпише било кое лице затекнато кај купувачот, кое по правило покрај потписот го наведува и полното име и презиме.

Доколку предмет на купопродажба покрај другите производи е и сладолед, тогаш цените на сладолед на територијата на Република Македонија ги одредува послугодавачот-продавачот и тие се унифицирани и единствени во согласност со неговата деловна политика, а послугопримачот-купувачот нема право да ги формира сам малопродажните цени на сладоледот.

*ОБВРСКИ НА ПОСЛУГОДАВАЧОТ*

Чл.3

Послугодавачот-продавачот се обврзува редовно и уредно да го снабдува послугопримачот со производи од неговиот асортиман, а според порачка на послугопримачот-купувачот.

Послугодавачот-продавачот се обврзува на сервисирање на инвентарот кој е даден на послуга, кој се врши редовно и по повик на послугопримачот кај од нас овластениот сервис на тел. 047-237-671 и 226-671.

*ОБВРСКИ НА ПОСЛУГОПРИМАЧОТ-КУПУВАЧОТ*

Чл.4

Послугопримачот-купувачот се обврзува инвентарот даден на послуга да го користи според наменета исклучиво за чување и употреба на производи од асортиманот на послугодавачот како добар стопанственик и по истекот на договорениот рок да му го врати на послугодавачот во исправна состојба, неоштетен и во магацинот на послугодавачот.

Послугопримачот се обрзува секојдневно да ја контролира исправноста на инвентарот.

Во случај на расипување на инвентарот, послугопримачот е должен да ги складира привремено на друго соодветно место производите подложни на расипување. Доколку не постапи на овој начин растопувањето на сладоледот и расипувањето на производите ќе биде по вина на послугопримачот и паѓа на негов товар.

Механичките штети настанати заради невнимание на послугопримачот е должен да ги надомести (кршење на стакло, внатрешно и надворешно оштетување).

Доколку дојде до пропаѓање или оштетување на инвентарот послугопримачот е должен штетата да ја надомести, без оглед на причината за пропаѓањето или оштетувањето, Во случај на пропаѓање на предметот заради виша сила, послугопримачот е должен да ја надомести штетата, само долколку предметот би пропаднал од истата причина и да се наоѓал кај послугопримачот.

Во случај на обивање или кражба на инвентарот или кражба на производите, послугопримачот е должен веднаш да ја извести најблиската полициска станица заради составување на записник и да го извести послугодавачот. Во спротивно настанатата штета врз инвентарот и производите послугопримачот е должен да ја надомести.

Чл.5

Доколку се работи за купопродажба на сладолед, по завршување на сезоната послугодавачот не врши повлекување на сладоледот, а послугопримачот се обврзува замрзнувачот даден на послуга да го чува во исправна состојба, да го конзервира и смести на соодветно место до почетокот на наредната сезона.

Послугодавачот има право да бара инвентарот да му биде вратен и пред договорениот рок, доколку се јави потреба самиот да го користи или да го даде под закуп, како и во случај ако послугопримачот не го одржува редовно, не го користи според намената и според одредбите од овој договор или да го дава на друго лице на користење.

Доколку дојде до раскинување на договорот по вина на послугопримачот, должен е веднаш да го врати инвентарот во исправна состојба во која го примил и да му ја надомести целокупната материјална штета и изгубена добивка која ќе ја претрпи послугодавачот со раскинување на договорот. За секој ден задоцнување после едностраното раскинување на договорот, послугопримачот се обврзува да плаќа на послугодавачот по едно евро на ден казнени пенали.

Во случај трето лице да претендира на правото на сопственост врз дадената на послуга опрема, послугопримачот е должен да го извести послугодавачот за тоа.

*ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Чл.6

Странките се согласни сите евентуални настанати недоразбирања да ги решаваат на мирен и конструктивен начин, а во случај на потреба договараат надлежност на Основниот суд Битола.

За сѐ што не е регулирано со овој договор се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Договорот е израз на заемно постигнатата согласност на договорените странки, а како резултат на тоа своерачно го потпишуваат.

Договорот е составен во 2 (два) еднакви примероци со сила на оригиналот.

ПОСЛУГОДАВАЧ
(ПРОДАВАЧ)

ГАРАНТ

ПОСЛУГОПРИМАЧ
(КУПУВАЧ)

М-р Кристина Бошевска Рутевска
Вештак од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење
Лиценца бр. 08-3245/2 Министерство за правда
Ул. Григор Прличев бр.1/21 Битола | тел: 070/978-897
E-mail: kboshevska@yahoo.com

**Доверител:** ЦЕРМАТ ДОО Битола со ЕМБС 4778545, ул.„Новачки Пат“ бб Битола, преку полномошник Адвокат Јован Лалевски од Битола

**Должник:** ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО со ЕДБ 4028022547093, ул.„ЈНА“ бр.61/Б Тетово

Арвер Сека ЕМБГ 1611992470014 - гарант платец

**Предмет:** Утврдување на факт дали ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО има долг спрема ЦЕРМАТ ДОО Битола, која е неговата вредност и утврдување на обврските за негово враќање од страна на Арвер Сека како гарант платец во договорот за послуга на инвентар и купопродажба на производи од програмата на продавачот

# ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ

Битола, 25.10.2024 година

Адвокат Јован Лалевски од Битола полномошник на ЦЕРМАТ ДОО Битола, достави Барање за вештачење до овластен вештак М-р Кристина Бошевска Рутевска, а со цел утврдување на:

1. Факт дали ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО има долг спрема ЦЕРМАТ ДОО Битола,
2. Доколку има која е вредноста на долгот и
3. Обврските за негово враќање на лицето Арвер Сека како гарант платец во договорот за послуга на инвентар и купопродажба на производи од програмата на продавачот

Вештачењето е извршено на ден 01.10.2024 година, во просториите на седиштето на тужителот, во присуство на вештото лице, Адвокат Јован Лалевски од Битола и тужителот.

На вештачењето тужителот ги приложи следните документи кој се предмет на анализа во овој вешт наод и мислење.

**Листа на анализирани докази:**

- Барање за изготвување на вешт наод и мислење од полн. Адв. Јован Лалевски од Битола
- Договор за послуга на инвентар и купопродажба на производи од програмата на продавачот бр.5/22-14 од 07.06.2022 година
- ИОС на купувач ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО
- Картица на купувач ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО
- Преглед на продажни места
- Фактури

# Н А О Д

**Договор за послуга на инвентар и купопродажба на производи од програмата на продавачот**, со број 5/22-14 од 07.06.2022 година, е склучен помеѓу:

1. Цермат ДОО Битола како послугодавач и продавач
2. Правното лице ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО како послугопримач и купувач
3. Лицето Арвер Сека како гарант-платец

Предмет на овој договор е давање на послуга на инвентар од страна на послугодавачот, а истовремено и купопродажба на производи помеѓу послугодавачот и продавач и послугопримачот и купувач.

Како гарант платец во договорот се јавува Лицето Арвер Сека која со овој договор презема обврска да ги надомести сите трошоци и долгови на правното лице ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО секако доколку истото не ги има претходно подмирено.

Во договорот, во член 2 е наведено дека испорачаната стока купувачот ќе ја плаќа во рок од 8 дена од денот на испораката-приемот на стоката, вирмански на сметка на продавачот, по испратница-фактура.

Предмет на послуга на договорот е ладилник со реден број 000450999550 тип 400 марка Угур кој е сопственост на послугодавачот и кој по престанокот на соработката послугопримачот е должен да му го врати на послугодавачот

**ЦЕРМАТ ДОО Битола за продадената стока издавал фактури** до ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО . Врз основа на анализата на документите ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО има неплатен долг спрема ЦЕРМАТ ДОО Битола за следната фактура:

| **Ред. Бр.** | **Број на фактура** | **Датум на фактура** | **Датум на валута** | **Вредност на фактура** | **Вредност на долг** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5-81/510013 | 07.06.2022 | 15.06.2025 | 5.334,00 | 5.334,00 |
| 2 | 5-81/510025 | 10.06.2022 | 18.06.2022 | 3.582,00 | 3.582,00 |
| Вкупно: | | | | 8.916,00 | **8.916,00** |

Фактурите наведени во табелата се уредно издадени и ги содржат сите потребни елементи. Истите се потпишани од:

- Овластено лице на ЦЕРМАТ ДОО Битола
- Лицето кое ја предало стоката
- Овластено лице на примачот на стоката со што се потврдува доставата на стоката

ЦЕРМАТ ДОО Битола има уредно и ажурно сметководство кое се води согласно сметководствените начела во делот на книжење на фактурите.

Фактурите имаат рок на плаќање од 15 дена од издавањето, а согласно датумот на издавање може да потврди дека тој рок е изминат, со што од страна на ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО не е почитувана одредбата за навремено плаќање.

Исто така за целокупниот период за кој беше анализирана сметководствената документација од страна на гарантот-платец Арвер Сека не се уплатени парични средства по ниту еден основ по датата во картицата.

На фактурите, ЦЕРМАТ ДОО Битола има наведено дека при плаќањето купувачот е должен да го наведи бројот на фактурата и шифрата на купувачот. За секое плаќање каде не е почитувана оваа одредба, важи втората одредба наведена во фактурите, дека затворањето на побарувањата ќе се врши по старост.

Во табелата прикажана погоре, наведени се фактурите по која побарува ЦЕРМАТ ДОО Битола од ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО . Во последната колона е наведен точниот износ кој се побарува по дадените фактури. **Вкупниот износ кој се побарува по фактурите изнесува 8.916,00 денари.**

Од **картицата на купувач** за период од 01.01.2021 година може да се забележи дека ЦЕРМАТ ДОО Битола фактурирал вкупен износ од 20.618,00 денари, а наплатил 11.702,00 денари, и за целиот претходен период што значи дека нето долгот на ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО изнесува 8.916,00 денари.

Од истата се потврдува дека книжењето на наплатата е согласно датумите на достасување и по основ на наведните фактури.

Согласно **изводот на отворени ставки на купувач** за ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО од ЦЕРМАТ ДОО Битола, има две отворени ставки, наведена во табелата погоре. Вкупниот износ кој произлегува од отворените ставки изнесува 8.916,00 денари.

Според **картицата на продажни места** постои задолжение за инвентар со бр. 999550, со број на документ склучениот договор 5/22-14.

Вредноста на ладилникот тип 400 марка Угур изнесува **16.068,00** денари.

# М И С Л Е Њ Е

ЦЕРМАТ ДОО Битола и ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО биле во должничко-доверителски односи.

ЦЕРМАТ ДОО Битола за продадената стока издавал фактури до ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО. Побарувањата по фактури и плаќањата се уредно евидентирани во сметководствената евиденција на ЦЕРМАТ ДОО Битола.

На ден 07.06.2022 склучен е Договор за послуга на инвентар и купопродажба на производи од програмата на продавачот со број 5/22-14, каде ЦЕРМАТ ДОО Битола се јавува како послугодавач и продавач, Правното лице ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО како послугопримач и купувач и Лицето Арвер Сека како гарант-платец. Гарантот платец со договорот се обврзал да биде гарант за плаќањето на обврските на купувачот од договорот и деловното работење.

**Согласно горенаведеното, анализата во наодот и приложената документација, сум на мислење дека доверителот ЦЕРМАТ ДОО Битола побарува од должникот ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ ТЕТОВО и од гарантот-платец Арвер Сека вкупен износ од 24.984,00 денари по следните основи:**

1. **Главен долг во износ од 8.916,00 денари по фактура:**

| Ред. Бр. | Број на фактура | Датум на фактура | Датум на валута | Вредност на фактура | Вредност на долг |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 5-81/510013 | 07.06.2022 | 15.06.2025 | 5.334,00 | 5.334,00 |
| 2 | 5-81/510025 | 10.06.2022 | 18.06.2022 | 3.582,00 | 3.582,00 |
| Вкупно: | | | | 8.916,00 | **8.916,00** |

2. **Не вратен предмет Фрижидер тип 400 марка Угур во вредност од 16.068 денари**

3. **Казнена камата на главниот долг од датумот на валута до денот на уплатата на долгот.**

Вештиот наод и мислење е изготвен во три еднакви примероци кои се доставени до Адвокат Јован Лалевски од Битола.

25.10.2024

Битола

Вешто лице

М-р Кристина Бошевска Рутевска

М-р Кристина Бошевска Рутевска
Вештак од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење
Лиценца бр: 08-3245/2
070 97 88 97, kboshevska@yahoo.com

**ЦЕРМАТ доо**
Новачки пат 6б
7000 Битола

Датум: 20.03.2023
Страна 1 од 1

# КАРТИЦА НА КУПУВАЧ

014692 ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ
ул. ЈНА бр.61/Б Тетово
Тел.: 070/214-651 Факс
Сметка бр.: 270075830280186 Халк Банка АД Скопје
ЕДБ 4028022547093

Док. од 01.01.2021 до 20.03.2023

| Датум на налог | Налог шиф./број | Документ датум | Документ рок број | Доспева Опис | Статус | Должи | Побарува | Салдо на вк. промет | Конто |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Пренос од претходниот период | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| 07/06/22 | 3/202206006 | 07/06/22 | 85-81/510013 | 15/06/22 | O | 5.334,00 | | 5.334,00 | 1200 |
| 10/06/22 | 3/202206009 | 10/06/22 | 85-81/510025 | 18/06/22 | O | 3.582,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 10/06/22 | 3/202206009 | 10/06/22 | 85-83/517431 | 18/06/22 | З | | 1.194,00 | 7.722,00 | 1200 |
| 10/06/22 | 3/202206009 | 10/06/22 | 85-83/517431 | 18/06/22 | З | 1.194,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 24/06/22 | 3/202206021 | 24/06/22 | 85-83/517649 | 02/07/22 | З | | 2.882,00 | 6.034,00 | 1200 |
| 24/06/22 | 3/202206021 | 24/06/22 | 85-83/517649 | 02/07/22 | З | 2.882,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 01/07/22 | 3/202207001 | 01/07/22 | 85-83/517785 | 09/07/22 | З | | 2.054,00 | 6.862,00 | 1200 |
| 01/07/22 | 3/202207001 | 01/07/22 | 85-83/517785 | 09/07/22 | З | 2.054,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 07/07/22 | 3/202207006 | 07/07/22 | 85-83/517935 | 15/07/22 | З | | 1.194,00 | 7.722,00 | 1200 |
| 07/07/22 | 3/202207006 | 07/07/22 | 85-83/517935 | 15/07/22 | З | 1.194,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 15/07/22 | 3/202207013 | 15/07/22 | 85-83/518038 | 23/07/22 | З | | 995,00 | 7.921,00 | 1200 |
| 15/07/22 | 3/202207013 | 15/07/22 | 85-83/518038 | 23/07/22 | З | 995,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 05/08/22 | 3/202208004 | 05/08/22 | 85-83/518382 | 13/08/22 | З | | 1.791,00 | 7.125,00 | 1200 |
| 05/08/22 | 3/202208004 | 05/08/22 | 85-83/518382 | 13/08/22 | З | 1.791,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 13/08/22 | 3/202208011 | 13/08/22 | 85-84/500381 | 21/08/22 | З | -1.592,00 | | 7.324,00 | 1200 |
| 13/08/22 | 3/202208011 | 13/08/22 | 85-84/500381 | 21/08/22 | З | | -1.592,00 | 8.916,00 | 1200 |
| 13/08/22 | 3/202208011 | 13/08/22 | 85-83/518503 | 21/08/22 | З | | 1.592,00 | 7.324,00 | 1200 |
| 13/08/22 | 3/202208011 | 13/08/22 | 85-83/518503 | 21/08/22 | З | 1.592,00 | | 8.916,00 | 1200 |
| 13/08/22 | 3/202208011 | 13/08/22 | 85-83/518520 | 21/08/22 | З | | 1.592,00 | 7.324,00 | 1200 |
| 13/08/22 | 3/202208011 | 13/08/22 | 85-83/518520 | 21/08/22 | З | 1.592,00 | | 8.916,00 | 1200 |

| | Должи | Побарува |
|---|---|---|
| **Вкупно промет за даден период** | 20.618,00 | 11.702,00 |
| **Вкупно промет од почеток на година** | 20.618,00 | 11.702,00 |
| **Салдо на тековен период** | 8.916,00 | |
| **Салдо на вкупен промет** | **8.916,00** | |
| **Промет на негативни ставки во период** | -1.592,00 | -1.592,00 |
| **Вкупен промет на негативни ставки** | -1.592,00 | -1.592,00 |

**ЦЕРМАТ доо**
Новачки пат 6б
7000 Битола

Датум: 20.03.2023


## ИОС НА КУПУВАч

014692 ГРЕЕН РЕСТАУРАНТ ДООЕЛ
ул. ЈНА бр.61/Б Тетово
Тел.: 070/214-651 Факс
Сметка бр.: 270075830280186 Халк Банка АД Скопје
ЕДБ 4028022547093

| Датум на налог | Налог шиф./број | Документ датум | рок | број | Доспева | Опис | Статус | Должи | Побарува | Салдо на вк. промет | Конто |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Пренос од претходниот период | | 0,00 | 0,00 | 0,00 | |
| 07/06/22 | 3/202206006 | 07/06/22 | 8 | 5-81/510013 | 15/06/22 | | O | 5,334.00 | 0,00 | 5.334,00 | 1200 |
| 10/06/22 | 3/202206009 | 10/06/22 | 8 | 5-81/510025 | 18/06/22 | | O | 3,582.00 | 0,00 | 8.916,00 | 1200 |
| **Вкупно промет за даден период** | | | | | | | | 8.916,00 | 0,00 | | |
| **Вкупно промет од почеток на година** | | | | | | | | 8.916,00 | 0,00 | | |
| **Салдо на тековен период** | | | | | | | | 8.916,00 | | | |
| **Салдо на вкупен промет** | | | | | | | | 8.916,00 | | | |